# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ

| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Вторник 21 Октомври 2014 година Број 13/2014 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш,
Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување итност на седница

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за утврдување итност на XVIII-ма седница на Советот на општина Радовиш, бр. 07-1951/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 20.10.2014 год.

Бр. 08-1951/2 Градоначалник на
21 Октомври 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 53 и член 55 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 20.10.2014 г. донесе

## ОДЛУКА
за утврдување итност за свикување на XVIII-ма седница

Член 1

Се утврдува итност за свикување на XVII-ма седница на Советот на општина Радовиш, поради:
- кратките рокови за утврдување сума за уплатата на акциза за нафтени деривати Еуродизел БС во количина 58.000 литри кои доделени на општина Радовиш за санирање на последиците од поплавата, со Одлука број 41-1708/1 од 03 март 2013 година, објавена во Службен весник на РМ број 35 од 04.03.2013 година; и
- итната потреба од донесување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на буџетот на општина Радовиш за 2014 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Радовиш".

Бр. 07-1951/1 Совет на општина Радовиш
20 Октомври 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за исплата на акциза за отстапени нафтени деривати, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата патот Покрајчево-Злеово

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за за одобрување финансиски средства за исплата на акциза за отстапени нафтени деривати, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата патот

Покрајчево-Злеово, бр. 07-1952/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 20.10.2014 год.

Бр. 08-1952/2 Градоначалник на
21 Октомври 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на чл. 21 ст. 1 т. 43 од Статутот на општина Радовиш, а согласно Одлука број 41-1708/1 од 03 март 2013 година Сл.весник бр.35/2014 година и дописот од Владата на РМ бр. 41-7831/1 од 30.09.2014 год., наш бр. 25-1834/1 од 03.10.2014 год. Советот на општина Радовиш на седница одржана на ден 20.10.2014 г. донесе

## ОДЛУКА
### за одобрување финансиски средства за исплата на акциза за отстапени нафтени деривати, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата патот Покрајчево-Злеово

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за исплата на акцизата за отстапените нафтени деривати од Дирекцијата за заштита и спасување, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата на патот Покрајчево-Злеово во висина од 708.876,00 денари на име акциза и 518.753 денари на име ДДВ или вкупно 1.227.629,00 денар (со зборови: еден милион двеста дваесет и седум илјади и шестотини дваесет и девет денар).

Нафтените деривати Еуродизел БС се во количина 58.000 литри и доделени со Одлука број 41-1708/1 од 03 март 2013 година, објавена во Службен весник на РМ број 35 од 04.03.2013 година.

Исплата на средствата ќе се изврши од Буџетот на општина Радовиш за 2014 година - ставка 413110 постојана буџетска резерва.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Радовиш”.

Бр. 07-1952/1Совет на општина Радовиш
20 Октомври 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

## РЕШЕНИЕ
### За прогласување и објавување на Одлуката за измена наОдлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2014 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2014 година, бр. 07-1953 /1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 20.10.2014 год.

Бр. 08-1953/2 Градоначалник на
21 Октомври 2014 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004 , 96/2004 и 67/07 , 156/09 и 47/11) член 43 од Статутот на Општина Радовиш ("Службен гласник на Општина Радовиш бр. 5/2002 ), како и измените и дополнувањето на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во собранието на РМ и другите избрани и именувани лица ("Службен весник на РМ " бр.36/90, 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/2007, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10,

161/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14 ) со кој закон се регулирани и платите и надоместоците од плати и на градоначалниците на општините и Градоначалникот на Град Скопје,Советот на општина Радовиш на 27 (дваесет и седмата) седница одржана на 20.10.2014 , донесе

## ИЗМЕНА на ОДЛУКАТА за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2014 година

Член 1

Во Одлуката за извршување Буџетот на Општина Радовиш за 2014 година, бр.07-2576/1 од 20.12.2013 година,членот 9 се менува и гласи:

Член 9

Исплатата на платите и надоместоците за општинската администрација и јавните локални установи се утврдува согласно Законот за исплата на платите во Република Македонија ( Сл. Весник на РМ"бр.70/94. 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12 , 145/12, 1/14 и 143/14 ) и Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката("Службен весник на СРМ "бр.36/90 и" Сл.Весник на РМакедонија "бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 161/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14).

Висината на средствата за исплата на плата за избраните и именувани лица во општината се утврдува само за Градоначалникот и тоа според законски утврдените коефициенти од 2.70-3.70 зависно од бројот на жители. Во општина Радовиш со број на жители од 25.001 до 50.000, коефициентот изнесува 3.20. Коефициентот помножен по износ од 25.726 денари што претставува основица за плата, се применува за платата за периодот од 01.01.2014 до 30.09.2014 година додека од 01.10.2014 до 31.12.2014 година ке се исплатува по основица зголемена за 4% односно по 26.755,04 денари.

Вредноста на бодот за плата на вработените во ЕЛС со сстатус на државни службеници не може да биде повисока од вредноста на бодот утврдена со Одлука на Владата на Република Македонија за соодветната фискална година, согласно член 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници ("Сл Весник на РМ" бр 114/09), односно вредноста на бодот за плата на државните службеници во општина Радовиш од 01.10.2014 до 31.12.2014 година изнесува 76.8 денари("Службен весник на РМ" бр.1/14 и 143/14).

Исплатата на платите на локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет ја контролира и одобрува Министерствито за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации од општинскиот буџет се задолжени три дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците ПДД-МП и МП-1, копија од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати,образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата (како и во досегашниот период).

По извршената контрола согласно планираните средства во Буџетот на општината, градоначалникот на општината поодделните пресметки за плата на локалните јавни установи ги доставува до ресорните Министерства од кои се трансферира блок дотацијата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата,образованието и социјалната заштиа кои се финансираат со блок дотации се дава согласност за -

вработувања за кои се обезбедени средства воБуџетот на РМ за тековната фискална година , согласно член 51 став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ке даде Министерството за финансии,врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното Министерство за потребата од вработување во локалната установа, со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, боледување, смрт идр)
-вработувања за кои се обезбедени средства од Буџетот на општината за тековната фискална година за што,согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде Градоначалникот на општината.

Член 2

Измената на Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Радовиш",а ке се применува од 01.10.2014 година.

Бр. 07-1953/1 Совет на општина Радовиш
20 Октомври 2014 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување итност на седница--------------------------- 1
ОДЛУКА за утврдување итност за свикување на XVIII-ма седница ----------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување финансиски средства за исплата на акциза за отстапени нафтени деривати, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата патот Покрајчево-Злеово------------------------- 1
ОДЛУКА за одобрување финансиски средства за исплата на акциза за отстапени нафтени деривати, без надоместок, за санирање на последиците од поплавата патот Покрајчево-Злеово------------------------- 2
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за измена наОдлуката за извршување на Буџетот на општина Радовиш за 2014 година --- 2
ИЗМЕНА на ОДЛУКАТА за извршување на Буџетот на Општина Радовиш за 2014 година ------------------- 3